**20130621361**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 207 став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13), министерот за труд и социјална политика, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ, НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ, УПОТРЕБА, ОДЗЕМАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗДАДЕНИТЕ И ОДЗЕМЕНИТЕ ЛЕГИТИМАЦИИ НА ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ОПШТИНИТЕ, НА ОПШТИНИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ, ОДНОСНО НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на службената легитимација на овластеното лице (во натамошниот текст: легитимација), начинот на нејзиното издавање, употреба, одземање и евиденцијата на издадените и одземените легитимации на овластени лица на општините, на општините во градот Скопје, односно на градот Скопје (во понатамошниот текст: единица на локалната самоуправа) за вршење на инспекциски надзор.

Член 2

Легитимацијата се печати на хартија во бела боја во правоаголна форма со големина од 11,5 х 7,5 см, истата е пластифицирана и двострана.

Предната страна на легитимацијата содржи: грб и име на единицата на локалната самоуправа, назив “ЛЕГИТИМАЦИЈА“, место за фотографија во боја со големина 2,5 х 3 см, име и презиме на овластеното лице и регистарски број на легитимацијата.

Задната страна на легитимацијата содржи: име и седиште на единицата на локалната самоуправа, датум на издавањето и место за печат на единицата на локалната самоуправа која ја издава и место за потпис на овластено лице во единицата на локалната самоуправа.

Член 3

Образецот на легитимацијата е даден во прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Легитимацијата се издава од страна на градоначалникот на единицата на локална самоуправа, на лице овластено за вршење инспекциски надзор во општините, на општините во градот Скопје, односно во градот Скопје.

Легитимацијата има важност додека лицето на кое му е издадена има својство на овластено лице за вршење на инспекциски надзор.

Член 5

Легитимацијата се заменува со нова ако поради оштетување или дотраеност стане неупотреблива, ако овластеното лице кому му е издадена ја изгуби и ако овластеното лице ги промени личните податоци.

Овластеното лице кое ја изгубило легитимацијата или на друг начин останало без неа, веднаш, а најдоцна за еден ден го известува градоначалникот на единицата на локална самоуправа и ги изнесува причините за истото.

На овластеното лице од став 2 на овој член му се издава нова легитимација, а за старата во евиденцијата се става забелешка.

Член 6

Овластеното лице на кое по било кој основ од Законот за заштита на децата му престанало овластувањето за вршење инспекциски надзор, веднаш ја предава легитимацијата на градоначалникот на единицата на локална самоуправа.

Во случај на непредавање, а престанал основот по кој е издадена, легитимацијата се поништува и за тоа во евиденцијата се става забелешка.

Член 7

За издадените и одземените легитимации се води евиденција.

Евиденцијата за издадена легитимација содржи: реден број, име и презиме на лицето на кое му се издава легитимација, датум на издавањето, регистарски број и рубрика за забелешка.

Евиденцијата за одземена легитимација содржи: реден број, име и презиме на лицето на кое му е одземена легитимација, датум на одземањето, регистарски број и рубрика за забелешка.

Евиденцијата од ставовите 2 и 3 на овој член се води во единицата на локалната самоуправа во електронска форма.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-2755/1
19 април 2013 година
Скопје

Министер,
**Спиро Ристовски**, с.р.

Предна страна

(грб на ЕЛС )

ЕЛС ______________________

ЛЕГИТИМАЦИЈА

| | |
|---|---|
| 2,5 x 3 см | Име ____________________________<br>Презиме ____________________________<br>Рег. бр. ____________________________ |
| | |

Задна страна

ЕЛС ______________________

Седиште на единицата на локална самоуправа
___________________________________

Датум на издавање
_________________

М.П. ______________________
Потпис на овластено лице